**2024002038**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 206 став (1) алинеја 12 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/14, 116/14, 33/15, 5/16, 127/16, 142/16, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/19, 275/19, 110/21 и 89/22), министерот за внатрешни работи, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЦЕНИТЕ НА ОБРАСЦИТЕ ШТО ГИ ИЗДАВА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

I. Во Решението за цените на обрасците што ги издава Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/15, 190/17 и 26/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 187/21, 204/22 и 264/23), во дел I став 1 во точката 44. точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат четири нови точки 45., 46., 47. и 48., кои гласат:

„45. Налепници (пар) за регистарски таблици со национална ознака „НМК“ со димензии 99мм х 42мм.............................................................40,00 денари

46. Налепници (пар) за регистарски таблици со национална ознака „НМК“ со димензии 85мм х 40мм.............................................................50,00 денари

47. Налепници (пар) за регистарски таблици со национална ознака „НМК“ со димензии 63мм х 37мм.............................................................40,00 денари

48. Налепници (пар) за регистарски таблици со национална ознака „НМК“ со димензии 48мм х 18мм.........................................................30,00 денари.“

II. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.1.1-137898/1
28 декември 2023 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски,** с.р.